# ПРОГРАМА НА ЗП-ПРИЛЕП -2026 година

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОРГАНИТЕ И ТЕЛАТА НА ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ –ПРИЛЕП- 2026**

Здружението на пензионери на општините Прилеп ,Кривогаштани и Долнени е организирано како невладина ,непартиска непрофитна и мулти етничка организација има својство на правно лице,и е регистрирано во Централниот регистар на РМ,согласно Законот на здруженија и фондации(Сл, Весник на РМ бр. 52/2010/ и Статутот на ЗП .

**Вовед**

Здружението на Пензионери –Прилеп за да ги оствари своите задачи и цели ги има во предвид следните мерки:

**1.Преземање на активности и мерки за организирано оставарување на правата и интересите на своите членови ,утврдени со Закон и Статутот.**

**2.Се грижи за обезбедување на достоен живот на сите пензионери на ЗП Прилеп.**

**3.Остварување и заштита на правата од пензиско и инавалидско осигурување, економските интереси, унапредување на културните спортските и други активности на членството.**

**4. Унапредување и јакнење на Здружението и развивање на демократските односи и пошироко учество на членството во одлучувањето за остварување на интерсите на членството.**

**5.Преземање и развивање на активности за организирање и оставрување на правата на членовите,корисници на пензија,утврдени со Закон,Статут и други акти на Здружението на пензионерите.**

**6.Следење на прописите од областа на пензиското и зравственото осигурување,здравствената заштита и други прописи од кои произлегуваат правата на пензионерите.**

**7.Организирање на културно забавен живот,спорт и рекереација на членовите..**

**8. Обезбедување на взаемна помош во случај на смрт на болни брачни другари кои не се носители на пензија .**

**9.Преземање и оставарување на работи од хуманитарен карактер и вклучување во хуманитарни акции на други хуманитарни организации**

**10.Отворање на клубови за дневен престој на пензионерите.**

**11.Соработување со други здруженија во општините и здруженијата на пензионерите во Републиката.**

**12.Соработува со Локалната самоуправа**

**13.Учествува во работењето на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Република Македонија.**

**14.Врши и други цели и задачи ,кои се од интерес на пензионерите во согласност со Устав и Закон.**

Здружението на пензионерите за да може да одговори на сите овие и други задачи,кои се од интерес на пензионерите,е организирано во 20 ограноци на пензионери,од кои 6 во општините Кривогаштани и Долнени, и во населените места во општина Прилеп и 14 на подрачјето на општина Прилеп.

Програмата на ЗП-Прилеп е составена од поднесените програми на комисиите сто постоат во составот на самото здружение .

Имаме шест комисии кои активно работат во текот на госдината согласно составените програми и потребите на самите пензионери .

**КОМИСИЈА ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Основната цел на оваа комисија е здравствената и социјалната заштита на пензионерите на општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени

**Еднократна неповратна парична помош-** Истата се доделува од 2004

година.Динамиката на доделување е на секои 4 месеци, односно во месеците февруари, јуни и октомври секоја година.Висината на истата е најмногу до 10.000,00 денари , и тоа само еднаш со тоа што може да се додели најмногу уште еднаш после четири години. Комисијата најчесто доделуваше ваква помош од 1.000,00 до 5.000,00 денари, во зависност од тежината на болеста, дијагнозата и економската состојба на пензионерите, а најмногу до 10.000,00 денари по основ на направени трошоци за болничко лекување..За доделување на оваа помош во 2025 година донесен е нов Правилник од Извршниот одбор на ЗП, според кој беше донесена Одлука за утврдување на износот за доделување на еднократна помош и тоа :

Пензионер самец-до 29.000,00 денари

Двајца пензионери сопружници до 58.000 денари.

Комисијата повторно предлага **сума од 1.300.000,00 ден**. **наменета за неповратна парична помош** да се предвиди во финансискиот план за 2026 година.

**Климатско и бањско лекување-** Што се однесува до оваа активност, Комисијата е на мислење во 2026 година повторно да се предвиди.За таа цел предлага во финансовиот план да се предвидат **800.000 денари** за оваа намена.

На крајот на 2025 година Извршниот Одбор на ЗП – донесе Одлука за измена на Правилникот за учество во трошоците за бањско и климатско лекување, во смисла на да ,пензионерите со просечни пеназиски примања да имаат право за партиципација во трошоците за бањско лекување и тоа : За просечни пензиски примања до 22.000,00 денари -5.000 ден , до 26.000 ден -3.500 ден партиципација и до 30.000 ден 1.500 партиципација .За пензионерите со просечни пензиски примања над 30.000 ден немаат право на партиципација во трошоцоте за бањско лекување .

**Хуманитарна помош на пензионери со ниски пензии** се планира и оваа година по повод Новата година и по повод белигденските и другите верски

Празници. За оваа намена се предлагаат срдедства во износ од **900.000 денари**, за да можат пензионери да подигнат роба за 1.500 денари. Изборот на овие пензионери го прават одборите на пензионерите во ограноците од редот на пензионерите од огранокот , а според критериумите кои ИО ги предвиде во Одлуката задоделување на ваква помош. Бројот се определува сразмерно на вкупниот број на пензионери по ограноци.

Извршниот одбор ќе продолжи да доделува неповратна парична помош на пензионери кои претрпеле **штета од пожари или елементарни непогоди,најмногу до 10.000,00 денари**, секако врз основа на соодветна потребна доку-ментација.За оваа намена и оваа година се предлага да се предвидат 50.000,ооденари.

**Акција за преглед на пензионери** - Комисијата е на мислење и во 2026 година, да се спроведува **акција за пружање на медицински услуги во здружението и тоа:** мерење на крвен притисок, одредување на шеќер и масностии во крвта, здравствени советувања и други активности .Истата да биде еднодневна и да се повторува повеќе пати,во пролет и во есен во клубовите на пензионери во градот и населените места

**Предавања од областа на здравството**

За подобрување на здравствената култура на пензионерите, а особено за запознавање со некои чести ризични фактори за здаравјето и животот, како и

за некои заболувања кои го загрозуваат телесното и менталното здравје на човекот, и во 2026 година се планира да се одржат неколку предавања.

Со запознавањето на членовите на ЗП Прилеп со погоре спомenатите здравствени проблеми, ќе се подобри превентивната заштита со еден посреден животен ток, начин на исхрана, здравствени контроли, одбегнување на конфликтни и стресни ситуации, кои можат да ја нарушат психобиолошката рамнотежа на личноста и организамот и да доведат до разни телесни, вегетативни и ментални растројства и заболувања.

**КОМИСИЈА ЗА СПОРТ**

Комисијата за спорт исто така го имаше предвид и Правилникот со пропозициите за организирање и спроведување на пензионерските спортски натпревари и игри, усвоен од страна на Извршниот одбор на СЗПМ.Со одредбите на овој правилник, подетално се определуваат пропозициите за начинот на организација и спроведување на пензионерските спортски игри, спортските дисциплини и условите под кои се одржуваат спортските натпревари на општинско, регионално и републичко ниво.
Според Правилникот и пропозициите, предвидени се следните дисциплини:

| Ред. Бр. | дисциплина | мажи | жени | вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Стрелање со возд.пушка | 3 | 3 | 6 |
| 2. | Шах | 4 | 2 | 6 |
| 3. | Пикадо | 3 | 3 | 6 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | **Тргање на јаже** | **6** | **-** | **6** |
| 5. | **Фрлање ѓуле** | **1** | **1** | **2** |
| 6. | **Табла** | **1** | **1** | **2** |
| 7. | **Домино** | **1** | **1** | **2** |
| 8. | **Скок од место** | **1** | **-** | **1** |
| 09. | **Шутирање пенали на мали голчиња** | **3** | **3** | **6** |
| 10. | **Слободно фрлање на кош** | **3** | **3** | **6** |
| 11. | **Трчање мажи и жени.** | **2** | **2** | **4** |
| | **ВКУПНО** | **28** | **19** | **47** |

Стимул за работа и постигнување на подобри резултати, даваат и паричните награди што со одлука ги доделува ИО на ЗП.

**Секој натпреварувач кој на Републичките натпревари ќе освои прво место му се доделува награда во износ од 4.000,оо денари, за второ место му се доделува награда во износ од 3.000,оо денари и за трето место му се доделува награда во износ од 2.000,оо денари.**

Исто така добива награда и секој натпреварувач кој ќе биде прогласен за севкупен победник на ниво на РМ во дисциплините пикадо, стрелаштво и шах во износ од 3.000,00 денари.

## ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА

За што поуспешно спроведување на сите планирани активности предвидени во програмата за 2026 година, потребни се финансиски средства во следните износи:

| Реден број | Предвидените средства се за за намена | Износ на потребни средства |
|---|---|---|
| 1. | Набавка на потрошен материјал/дијаболи, Мети за стрелањесо воздушни пушки, ново пикадо и стрелки за пикадо, спортска опрема спортски терени и друго/ | 120.000,00 |
| 2. | . - Услуги за спорт - | 50.000,00 |
| 3. | Превоз за спортски игри . | 80.000,00 |
| 4. | Трошоци за сопртски игри | 90.000,00 |
| 5. | Награди за спортисти | 50.000,00 |
| . | | |
| | ВКУПНО | 390.000,00 |

Комисијата за спорт својата програма ја поднесува пред Извршниот одбор и Собранието и тие ја усвојуваат програмата , како би можело на време да се отпочне со нејзината реализација.

**КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРА**

Комисијата за културен забавен живот (КЗЖ) при Здружението на пензионери

(ЗП -)Прилеп заедно со пензионерите од општините Долнени и Кривогаштани ја изготви следната :

**ПРОГРАМА**

За работа и организација на активности за 2026 год.со организирање на повеќе културни манифестации од повеќе жанрови на културно забавниот живот на пензионерите за добра дружба ,добро здравје ,расположение и подобар живот .

Како главен двигател на активностите е КУД“Пензионер“кое со своето учество на разни манифестации во нашиот град и низ републиката успешно ја негува и презентира македонската изворна народна музика преку староградскиот мелос и народни песни од поново време ,а во иднина и македонскиот фолклор низ игра,музика и песни .

Исто така КЗЖ ќе биде во стална соработка со Активот на жени при ЗП-Прилеп со цел за заеднички настапи на разни манифестации и дружби каде ќе има потреба ,а исто така и соработка на другите културно уметничките друштва од нашиот град и низ РМ .

Да спониме и тоа дека КУД“Пензионер“ на сите манифестации во нашиот град и низ републиката ,каде настапувал до сега рангирано е меѓу најдобрите .

,

**1. ПРЕДВИДЕНИ АКТИВНОСТИ ЗА 2026 год.**

- Март или Април -ЗП-Прилеп и КУД “Пензионер“ ќе бидат домаќини на 24 тата регионалана ревија на “Песна ,музика и игра“ на пензионерите од Преспанско Битолскиот регион .
- Јуни- КУД“Пензионер“ ќе учествува на 16 та републичка ревија “Песна,музика и игра“ во Скопје во организација на СЗПМ
- Јуни – КУД“Пензионер“ ќе учествува на меѓународниот фестивал “Балкан пее“ во Куманово во организација на ЗП –Куманово
- Јули- КУД“Пензионер“ ЌЕ УЧЕСТВУВА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА “Звуците на градот “ во рамките на “ Прилепско лето во организација на ДК “Марко Цепенков “Прилеп
- Јули -КУД“Пензионер“ ќе учествува на фестивалот “Илиндески денови “во Битола
- Август- КУД“Пензионер“треба да учествува на фестивалот на с 10 дена Крушевска република во Крушево
- Август- (или Септември КУД“Пензионер“ треба да учествува на фестивалот на староградски песни во рамките на Охридко лето во Охрид .

До крајот на 2026 година КУД“Пензионер“ по потреба ќе учествува на прославата на 20 ти Септември денот на пензионерите на РМ во Прилеп,по покани од КУД во градот ,како учесник во нивните концерти,во соработка со “Активот на жени“,посета на штитениците од домот за стари лица “Киро Крстески –Платник“во нашиот град .

Исто така КУД“Пензионер“би требало да учествува на ТВ емисија поради афирмација на

ЗП-Прилеп .

**2. ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

Оваа 2026 год.КУД“ Пензионер“ поканет е од нашите пријатели хорот “Абрашевиќ“ од Врњачка бања да учествува на нивната прослава на годишнина ,како возвратна посета затоа што во 2025 година истите ни беа гости на прославата на 50 годишниот јубилеј од постоењето на КУД“Пензионер“ кој се одржа во Јуни 2025 година .Да напоменеме дека

ЗП –прилеп и хорот Абрашевиќ имаа потпишано спогодба за соработка .

**3. ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

За успешна реализација на предвидените активности и гостувања, во рамките на предвидените средства во предлог буџетот за културни дејности потребни би биле следните средства ;

1. **Гостувања на КУД “Пензионер“ 140.000 ден**
2. **Превоз на КУД“Пензионер“ 80.000 ден**
3. **Одржување на инструменти 10.000 ден**
4. **Учество на КУД на ТВ емисии 25.000 ден**
5. **Гостување на КУД во Врњачка бања 100.000 ден**

---

**Потребни средства Вкупно = 355.000 ден.**

**ЗАКЛУЧОК**

КЗЖ ќе биде целосно посветена за успешна реализација на програмските активности во соработка со Активот на жени при ЗП-Прилеп и соработка со останатите друштва од нашиот град и низ РМ, со домот на културата “Марко Цепенков“ со цел за добра дружба на пензионерите.

За ова сето да се оствари КЗЖ ќе биде во стална соработка со Претседателот на ЗП –Прилеп и сите останати управни телаа и органи на ЗП-Прилеп како главен покровител на работата на КЗЖ,а исто така и во соработка со ЗП низ РМ и СЗПМ .

**<u>КОМИСИЈА ЗА ОДМОР И РЕКРЕАЦИЈА</u>**

Основан цел на оваа програма е пензионерите да ги задоволат потребите за одмор и рекреација запознавајќи ги убавините и културно-историскитезнаменитости на нашата држава. Единствена цел на ЗП Птилеп е пензионерите да се дружат,шират познанств, пријателства со цел да го направат нивниот живот поинтересен и забавен за полесно да ги доживуваат пензионерските денови.

Здружнието на пензионери организира редовни екскурзии низ државата со 3 автбуси или повеќе доколку има можност и одобрувањ од страна на. Извршниот одбор.

Комисијата за одмор и рекреација предлага повеќе дестинации за реализација. Пикник екскурзијата ќе бидат изведени во близина на Прилеп, со цел да имаат можност  поголем број на пензионери да учествуваат. Предвидено е да бидат опфатени најмалку 320 пензионери со 6 абтобуси. Превозот и храната за овие пикник екскурзии се на терат на ЗП .Се предвидуваат да се реализираа 5 екскурзии во Р Македонија и една во соседните држави, и тоа

Комисијата за Одмор и рекреација при ЗП Пријеп, по одлука на ИО за изведување на екскурзиите (организирани од ЗП) за 2026 година го изготви следниот:

**К А Л Е Н Д А Р**

Пролетниот пикник предвиден во програмата ќе се одржи   на 09- Мај во кругот на манастирот св. Илија Писокал со партиципација на учесниците од 100 ден. за превоз. Тргнувањето ќе биде во 9 часот од пред ЗП Прилеп

1. Екскурзиите низ Р. Македонија (пет) ќе се изведат:

**На ден 28. 04.2026**  **Прилеп- Струмица со посета на манастирите Водоч  и Вељуса**

**На ден 11. 06.2026**  **Прилеп-Скопје-Горно Нерези (ман.св. Пантелејмон-Етно село**

**На ден 28. 07.2026**  **Прилеп- Бигорски Манастир- Рајчица –Струга**

**На ден 13. 08.2026**  **Прилеп - Смилево ( ман .св. Петар и Павле)-Слепче (ман св. Јован Крстител)**

**На ден 10.09.2026  -**  **Прилеп -  Горно Лакочареј (ман. Св. Спас) – Охрид**

**Поаѓање за сите екскурзии е во 6.30 часот од пред ЗП Прилеп**

2. **Екскурзијата за Р Србија е на ден 30  06---Прилеп-Трстеник (ман.Љубостина) – Врњачка Бања- дводневна. Трошокот за ноќевање е на терет на учесниците на екскурзијата. Поаѓањет е во 5,30 часот од пред ЗП Прилеп.**
3. **Партиципацијата за екскурзиите која треба да ја платат учесниците изнесува 200 денари за во Р Македонија и 400 денари за соседните држави.**
4. **Предложени дестинаци за одмор**

**За реализација на оваа програма потребни се следните финансиски средства:**

5. **За превоз (5 екскурзии низ Македонија)..................400.000 ден**
6. **За превос во странство (2 автобуси)   .........................100.000.ден**
7. **Превоз за одмор во дпата правци    .............................45000. ден**
8. **Патничко осигурување за странство ...............................9000 . ден**
9. **Пикник  (6 автобуси)  исхрана и превоз .....................120.000 .ден**
10. **Трошоци за лекар ........................................................ 16.500 .ден**
11. **Вкупно трошоци**______________690.500ден

Комисијата за одмор и рекреација заедно со председателот на ЗП, го задржуваат правото да извршат извесни промени во релациите за егскурзиите доколку за тоа има потреба од разни причини (временски непогоди, моментална непристапност на терен и др.) а промените ќе бидат соопштени и образложени од водачите на автобусите, за да се запознаат учесниците без приговори и расправии.

**АКТИВ НА ЖЕНИ**

**ВОВЕД**

И за оваа 2026 година самиот нејзин почеток Активот на жени , предлага програма на Активот на жени .

Работењето во изминатите години не охрабрува и оваа 2026 година

да предложиме сличен број на активности , а со цел посакуваниот успех на Активот на жени да биде што подобро реализиран.Одборот на Активот на жени предлага добрата соработка со помошните тела/ комисии/, како и со

ИО и стручната служба да продолжи.

И за оваа 2026 година , активностите ги групираме во зависност од нивната природа:

**1.Предавања-**
а/.Предавања по повод одредени празници-датуми,
б/.Предавања од разни области
**2.Дружење со Активи на жени од други градови.**
**3/.Литературни активности.**
**4.Екскурзии – излети.**
**5.Музичко забавни дружења.**
**6.Хуманитарни активности.**
**7. Состаноци на одборот на АЖ**,редовно планирани 4 пати во годината и состаноци по по потреба.
8. **Финансиско побарување**

**ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕРДСТВА**

Со цел да се реализира предложената програма, Одборот на СЖ предлага финансиски средства и одобрување од ИО и Собранието при ЗП.

1.Во текот на годината имаме покани за дружење со Активи на Пензионерки од повеќе градови од Република Северна Македонија.За оваа програма ни се потребни ......................................... 90.000,00 ден.кои ќе ги користиме за превоз на потребните дестинации.

Предожената програма е разгледана и одобрена од Одборот на Активот на жени.

Предожената програма е разгледана и одобрена од Одборот на Активот на жени.

потребни .......................................... 90.000,00 ден.кои ќе ги користиме за превоз на потребните дестинации.

Предожената програма е разгледана и одобрена од Одборот на Активот на жени.

**СТАТУТАРНА КОМИСИЈА**

Комисијата за статутарно правни прашања ги прати прописите донесени од страна на надлежните државни органи ,одлкуките на ИО и Собранието .професионално и законито согласно статутот на ЗП си ја извршува својата работа .

**СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕ .**

СОБРАНИЕТО е највисок орган во здружението и неговата активност во текот на годуината е утврдена со Статутот на Здружението .Се свикува два пати годишно а по оценка од надлежните може да се свика и и вондредна седница на Собранието .

**ИЗВРШЕН ОДБОР НА ЗДРУЖЕНИЕТО** .Извршниот Одбор во текот на 2026 година ќе донесува согласно Статутуот на Здружението ,одлуки ,решенијаи други акти кои произлегуваат од тековното работење на Здружението .

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Надзорниот одбор во 2026 година го следи работењето на Собранбието и Извршниот одбор и ќе врши контрола за наменско користење и располагање на средствата кои ги има здружението .

Да се надеваме дека во 2026 година ќе се реализиираат зацртаните програмски задачи и активности на сите комисии од наша страна посебно да им се заблагодариме и да им посакаме во наредниот период да продолжат со истиот ентузијазам,како порано да ги имплементираат програмските определби, а за тоа Собранието ќе им ги обезбедува потребните средства ,а во рамките на финансиски можности и приоритет даден во програмите .Сметам дека ЗП Прилеп е од ретките здруженија во Македонија ,кое има отворено 13 клубови за дневен престој за пензионерите и обезбедено простории за одржување на седници на одборите на Ограноците и собири на пензионерите .

Благодарение на ангажираноста и посветеноста на сите членови на Собранието,Извршниот Одбор и стручната служба како и на Претседателите на ограноците кои заедно со одборите одлично функционираат .

Здружението располага и со доволно приходи кои овозможуваат сигурност за да може да функцоонира,Доколку немаме дополнителни приходи,само да сме со средствата од членарината ,можат да се обезбедат само неопходните трошоци,а другите активности ( ексурзии,неповратана парична помош ,партиципација во бањско и климатско лекувањеи др.) кои се надевам дека и оваа година ќе се остварат,не ќе можат да се организираат .Економаската стабилност на здружението

која е резултат на домаќинско работење овозможува да реализираме активности ,кои не вбројуваат меѓу првите здруженија во Републиката .

Ангажираноста на Стручната служба беше насочена кон подготвување –припремање на квалитетни  материјали за ИО и Собранието и ажурно и законитоо работење,како и реализирање на одлуките на Собранието ,ИО и помошните тела на ЗП –Прилеп.

На планот на финансиското работење,стручната служба работите ги извршуваше стручно,законито и навремено .Одлуките на Собранието  и на ИО   во целост се  извршуваат ,што го потврдува и Надзорниот одбор во своите извештаи.

Во текот на годината ќе се настојува членството да се информира преку доставување на седнични материјали до клубовите на пензионерите  и по ограноците. Исто така информираноста на пензионерите е и преку  весникот "Пензионер" кој го издава Републичкиот одбор на СЗПМ, весникот "Зенит ",и др.Посебно беа информирани за материјално финасиското работење на Здружението,извршувањето на програмите,трошењето на средствата утврдени со финансиски план . Се надевам дека членството на пензионери  е доволно информирано од сите пишани материјали.

**Прилеп -2026 година** **ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ЗП –ПРИЛЕП**

**-----------------------------------------------**

**СЛАВКО  ТРАЈКОСКИ**